

## ДЕЛ ОД МОНОГРАФИЈАТА „ВО ЧЕСТ НА СВЕТИТЕ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ОД Д-Р ВЕРА СТОЈЧЕВСКА – АНТИЌ И СЛАВЕ НИКОЛОВСКИ – КАТИН

Состојбата на македонската средновековна книжевност генерално беше проследена дури по завршувањето на НОБ, кога дефинитивно беше призната и конституирана македонската држава и нација. Со оглед на веќе познатите историсsси состојби до 1945 година, оваа литература беше разгледувана во составот на бугарската, српската или грчката средновековна литература. Кирилометодиевскиот период, кој зазема клучно место во рамките на македонската средновековна книжевност, особено ео IX, X и XI век, станал предмет на посебни истражувања. Ракописното наследство, колку богато и доминантно во Македонија, многу бргу го привлекло вниманието на славистите, уште во екот од почетниат стадиум од развитокот на славистиката. Грижливо обработуваните ракописи на нашиот терен бргу исчезнувале и го наоѓале своето место во туѓи книгохранилишта. Покрај нивното исчезнување, тие најчесто биле приклучувани кон другите соседни книжевности. Мораме да истакнеме дека и покрај очевидното премолчување или присвојување на македонската редакција, се јавувале пера кои не можеле да ги предвидат и да не ги споменат и нагласат македонските карактеристики.

Во секој случај, книжевноисториската повоена дејност му припаѓа на Харалампие Поленаковиќ.  Во 1949 година проф. Поленаковиќ пишува *„Вистината за делото на Кирил и Методиј”* (Нова Македонија, 9 јуни). Во 1954 година го пишува предговорот кон делото на Ватрослав Јагиќ *„Кирил и Методи и нивиите ученици”.*
Посебно значаен труд претставуваше
*„Белешки за кириломе-тодиевското прашање кај Македонците во XIX век*
(Гласник на ИНИ, Скопје бр. 1, 157-180). Кон овој библиографски преглед може да се

приклучи
*„Прилогкон кирилометодиевската библиографија”,*
Литературен збор, Скопје

бр. 5). Во 1969 година се појави библиографијата на Вера Стојчевска-Антиќ: *„Прилог кон кирилометодиевската библиографија,,,*
Историја, Скопје, бр. 2, 231-236.

По 1100-годишниот јубилеј на св. Климент Охридски, по повод неговото доаѓање во Охрид, Вера Стојчевска-Антиќ и Илија Велев подготвија: *„Кон кирило-методиевската библиографија во Македонија”*
(1945-1985), Годишен зборник на Филолошкиот факултет во Скопје, кн. 11-12, Скопје 1987,1-71. Истата година се појави заеднннчкиот труд на истите автори:
*„Литературата за кирило-методиевскиот период во Македонија, XIII научна дискусија,*
Охрид, 25-28, VIII, 1986, Скопје 1987, 117-129. Прилог кон оваа библиографија претставуваат објавените библиографии: „Харалампие Поленаковиќ” (1909-1984), МАНУ, Скопје 1985, 31-49;
*„Прилог кон библиографијата иа трудовите на академик Блаже Конескн*
(Зборник во чест на Блаже Конески, Универзитет „Кирил и Методиј”, Филолошки факултет Скопје, 1984, 3-28), и двете изработени од м-р Милева Милев и Лилјана Ристевска.

Во *„Зборник Владимира Мошина”* (Београд 1977) се појави неговата *„Библиографија радова Владимира Мошина”,*
7-17. Во Јубилејниот Годишен зборнмк на Филозофскиот факултет во Скопје (кн. 24-25), Скопје 1972/73, 489-549) се појавија библиографиите на: Димче Коцо, Томо Томоски, Бранко Панов (од Катедрата за историја), Блаже Конески, Радмила Угринова-Скаловска (одКатедрата за македонски јазик), Вера Стојчевска-Антлќ (од Катедрата за историја на книжевностите на народите на СФРЈ).

Во Годишннот зборник на Филозофскиот факултет (кн. 2 (28), Скопје 1976), се објавени библиографиите на: Димче Коцо, Константин Петров и Петар Миљковиќ-Пепек (331-344). Во Годишниот зборник на Филозофскиот факултет во Скопје (кн. 13, Скопје 1986), излезе библиографија на Цветан Грозданов (444-445). Комплетина библиографија на Ц. Грозданов, до 1991 година по повод изборот за дописен член на МАНУ, објавена е во: *„Пристапни предавања, прилози и библиографија на новите членови на МАНУ”,* XI, Скопје 1993, 21-28. Библиографијата на Димче Коцо во: *„Споменица на академик*

*Димче Коцо”,* МАНУ; Скопје 1993. Библиографиите на академиците: Блаже Конески, Петар Илиевски и Цветан Грозданов, од 1967 година до 1993 година, може да се проследат во Летописот на МАНУ, којшто се печати секоја година.

Библиографија за средновековната книжевност објавила Добрила Миловска: *„Библиографија на објавени трудови во врска со средновековната книжевност 1946-1986”,* Македонска средновековна книжевност, Македонска книга, Скопје 1991,259-277. Маја Јакимовска ја подготви *„Библиографијата на објавени трудови од областа на средновековната киижевност во Македонија за годините1988, 1989, 1990’* (необјавена).



*МАНУ во Скопје*

Со кирилометодиевска библиографија од книжевно-историски аспект континуирано се занимава и асистентката Маја Јакимовска. Во 1989 година таа ја заврши приправничката работа, а дел од неа беше насловен како *„Прилог кон кирилометодиевската библиографија во македонската периодика за годините 1985-1986’* (трудот е завршен, но не е објавен). Во 1991 година се појави нејзината *библиографи: „Прилог кон кирилометодиевската библиографија за годините 1986-1987”,*

во *книгата „Македонска средновековна кпижевност”,* Македонска книга, Сколје 1991,277-293. Маја Јакимовска заедно со Добрила Миловска во 1992 година ја објавија библиографијата на В. Стојчевска - Антиќ, Спектар, Скопје 1992, бр. 17,205-225.

В. Стојчевска-Антиќ ги објавила фељтоните за св. Кирил и Методиј, за св. Климент и св. Наум Охридски, и тоа: *„Светлипа на вселената”.* Кон 1100-годишнината од смртта на Методиј Солунски (Нова Македонија, 15-26 март 1985);
*„По повод 1100-годишнината од доаѓањето на Климент Охридски во Македонија и оспоањето на Охридската книжевна школа.”*
(Нова Македонија, 17 мај-14 јуни 1986);
*„Делото на св. Климент Охридски”*
(Нова Македонија, 25-28 јуни 1993).

Од 29 јуни до 5 јули 1993 година во весникот *„Нова Македонија”* излегуваше фељтонот *„ Делото иа свети Наум Охрилски”*
од протоѓакон Ратомир Гроздановски.

Во оваа книга, покрај книжевно-историските осврти и трудови на посебни книги, претставени се и изданија од други научни дисциплини, насочени кон кирилометодиевските истражувања. Во 1994 година, по истекот на значајните јубилеи за св. Климент и св. Наум Охридски, ќе може да се пристапи уште еднаш кон заокружувањето на кирилометодиевската библиографија во Македонија.

***Продолжува***



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**